## 12.11.4 БИОГРАФИЈА-CV НА ОГНЕН МИТКОВ СПИРОСКИ (954) ОД СКОПЈЕ



( Огнен М. Спироски, 1984, Скопје)
( Ognen M. Spiroski, 1984, Skopje)

Огнен Спироски(954) е роден на 2 мај 1982 година во Скопје во Државна болница. Огнен е прво дете на Митко(433) и Славица Спироски од Скопје. Огнен има завршено компјутерски науки на Шефилд во Солун, Грција, а потоа заврши во 2008 година постдипломски студии во Тренто, Италија и Единбург, Шкотска и е магистер за компјутерски науки ( извор: ред: бр. 68 и 156).

Огнен Спироски од мај 2009 година се вработи како стручен соработник во Македонската академија на науки и уметности- на одделот Истражувачки центар за генетско инжињерство и биотехнологија, Скопје.



( Таткото и синот, Митко и Огнен Спироски во својот дом во Скопје, 2008 год.)
( Father and son , Mitko and Ognen Spiroski in their home in Skopje, 2008)

Подолу давам кратка Биографијата- CV на Огнен Спироски, а со оглед на карактерот на книгава, ќе дадам неколку негови активности кои се врзани со фамилијата и родот Лалошои, потоа со Лешок и Здружението за обнова и ревитализација на Лешок и Лешочкиот манастир ЛЕШОК од Скопје, со кои го продолжува континуитетот и на новите колена на помагање и давање свој придонес за Здружението Лешок и за Црквата во Лешок.



( Огнен Спироски со Македонската екипа по информатика на Балканијада во Анкара, Водич, Методија Јованчевски )
( Ognen Spiroski with Macedonian team of informatics - Balkaniada in Ankara, guide Metodija Jovancevski )

Така, Огнен, како член на комисијата за дијаспора,ј а плаќа членарината и се вклучи и помогна за правење на меморандумот на Здружението, за изготвување на Веб сајтот на Здружението Лешок, (www.lesok.org.mk ), помагаше за скенирање на фотографии и за уредување на текстови и за импортирање(инсерирање ) на Веб сајтот, за интернет комуницирање на Здружението со лешани во дијаспората во светот, помагаше за уредување на некои текстови за писма, за календарите, проекти и сл, активно учествуваше во уредувањето на Книгата Лешок и соседните села и од Проектот на СОРОС, на која ги изготви кориците.




( Анкара,1998, Медал за второ место за Македонија од натпреварот на Огнен Спироски на Балканијада по информатика )
( Ankara,1998,Medallion for second place competition at Macedonia of Ognen Spiroski - Balkaniada of informatics)

Огнен учествува во уредување на неколку книги и учествува во припремањето на фотографиите, уредување на корица и текстови на англиски и во оваа книга, како и во други книги ( извор: ред. бр. 2, 19, 20, 68, 131, 133, 137, 140, 145, 155 и 165) ,потоа на Веб сјатовите (Извор: ред. бр. 157, 158 и 159: www.spiroski.com.mk , www.lesok.org.mk) , www.TeamConsulting.com.mk , а има компонирано електронска-компјутерска музика на две ЦД-а и на едно ЦД за филм.

# О Г Н Е Н **М И Т К О В** С П И Р О С К И

## ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

Националност: Македонец

Возраст: 26 години

Место на раѓање: Скопје, Македонија

Адреса: Бул. Јане Сандански 118/2-220, Скопје,Македонија

E-Mail: ognens@gmail.com

Телефон: ++389/ 02/244-63-11

## ПОСТИГНУВАЊА

*Награди на натпревари*

- Има постигнато многу успеси на натпревари на локално, национално и интернационално ниво за кои е доставена документација. Би ги издвоиле следниве:
    - Прво место на државна смотра на Младите Техничари и Природници на Р. Македонија 1996 год., во областа Микросметачка Техника
    - Прва награда на државен натпревар по информатика 1998 год.
    - Натпреварување на интернационални информатички олимпијади во Турција, Грција и Македонија

*Изданија*

- Пишувано за „Микрочип“, информатички прилог во весникот „Вечер“
- Пишувано за „Информа“, македонско информатичко списание
- Средношколска дипломска работа на темата „Дигитално Аудио“
- Песни на неофицијално издадени носачи на звук во 1999-2000 год.
- Песна на првото официјално издание на македонска електронска музика, насловено „8“ и издадено за Трето Уво
- Песни на документарец за писателот Robert Anton Wilson, насловен “Maybe Logic: The Lives and Ideas of Robert Anton Wilson” издадено за DeepLeaf Productions (http://maybelogic.com/)
- Песна на компилацијата „Зависна Листа .МК“ издадена по повод јубилејното 10 годишно издание на „Маргина“, заедно со списанието
- Песна на театарската претстава „Тетовирани Души“ во постава на Сашо Миленковски
- Разни електронски on-line Internet изданија, музички и текстуални

*Референци и други постигнувања*

- Пишувано за „Микрочип“, информатички прилог во весникот „Вечер“
- Изработка на веб сајтови од областа на културата и др.
  Systasis (http://www.systasis.org.mk/)
  Diversity (http://www.diversity.org.mk)
  Здружение ЛЕШОК, Скопје (http:// www.lesok.org.mk )
- Системски администратор на еден од првите македонски електронски BBS-ови, претходници на Internet; и
- Основач на првата македонска мрежа за размена на електронска пошта (МАКНет)
- Настапување во живо со сопствена електронска музика и како DJ на разни домашни музички настани, меѓу кои на настапи на “Off Fest” (Jazz Festival), модни ревии (Sistina), театарски претстави, радио емисии и сл.
- Работа на аудио матерјал за мултимедијален проект од областа на културата
- Учество на повеќе помали семинари и работилници од разни области

## ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

- Прво вработување како стручен соработник во Македонската академија на науки и уметности- на одделот Истражувачки центар за генетско инжињерство и биотехнологија, Скопје
- Магистрирано 2 години на постдипломски студии на Универзитет во Тренто, Италија и Единбург, Шкотска, 2008;
- **Дипломирано**, 3 година на студии по компјутерски науки во CITY College – University of Sheffield - Солун, Грција,2005;
- 2 години студии на Институт за Информатика при ПМФ – Скопје,2001;
- Завршил средно училиште во ДСУ „Раде Јовчевски – Корчагин“ 1999/2000 год. со одличен успех
- Завршено основно училиште во ОУ „Љубен Лапе“ 1995/96 год. како првенец на генерација
- Одлично познавање на Англиски јазик со завршен 8-годишен курс и одлично пројден TOEFL испит
- Основно познавање на Германски две годишно посетување курс

## ИНТЕРЕСИ

- Активен интерес во повеќе академски полиња, како Вештачка Интелигенција, Вештачки Живот (Artificial Life), Невронски Мрежи, Генетски Алгоритми, Когнитивни Науки и Психологија; разни области од Компјутерски Науки
- Програмирање и Web-design
- Дигитална аудио продукција
- Фотографија и обработка на слики



(Фото:Митко Спироски, Мичурин, 18 Октомври 2009, Бебето Луна Огненова Спироска прв пат на гости кај баба Славица,дедо Митко и тетка Искра )
(Photo: Mitko Spiroski, Micurin, 18 October 2009, the baby Luna Ognen,s Spiroska first time to grandmother Slavica, grandfather Mitko and aunt Iskra )



( Дедо Мраз им дели подароци на Искра и Огнен Спироски во СОК-на СРМ-Централа во Скопје)
(Father Christmas is gving presents to Iskra and Ognen Spiroski in SOK-of SRM-Office in Skopje)



( Мајката Славица со синот Огнен и ќерката Искра Спироски, на ручек во станот во Аеродром)
( Mother Slavica with son Ognen and doughter Iskra Spiroski, at diner on Aerodrom)



( Огнен Спироски во 1997 год. со учениците од Гимназијата Раде Јовчевски Корчагин, Скопје)
( Ognen Spiroski in 1997 with the schoolmates of the Gymnasium Rade Jovcevski Korcagin, Skopje)



( Искра Спироска, со учиниците од пето одделение во ОУ Раде Јовчевски Корчагин Скопје)
( Iskra Spiroska, with the schoolmates - primary school Rade Jovcevski Korcagin, Skopje)

Ако не беше Огнен Спироски многу од зацртаните задачи на Здружението Лешок ќе останаа нереализирани и не ќе можеше Здружението брзо, современо и електронски да комуницира.



( Марко, Марија, Искра и Славица Спироски и Цветанка Хаџи Пецова на прослава на матура на Марко Спироски)
( Marko, Maria, Iskra and Slavica Spiroski and Cvetanka Hadji Pecova at celebration of Marko Spiroski's leaving examination)



( Моменти од веселбата на жените-Блага ракија на невестата Маја Мартиновска, сопруга на Огнен Спироски )
( Enjoyment of the women –Sweet brandy of the daughter-in-law, Ognen Spiroski's wife)



( Искра Спироска со школската другарка Наде поп Гаврилова )
( Iskra Spiroska with her school fellowschoolmate Nade pop Gavrilova )

Затоа, на Огнен Спироски му припаѓа значаен удел и придонес за подигање на работата и за електронско комуницирање на Здружението Лешок, но, и на родот Лалошои секаде во светот, за што сум му бескрајно благодарен, а преку Огнен им благодарам и на сите деца од 10-то и 11-то колено, кои му припаѓаат генерацијата на

21 век, со кои комуницираме и ги зајакнавме врските на родот Лалошои и фамилијата Спироски во повеќе држави во светот.



( Огнен, Маја, Искра и Славица Спироски, на изворите во Св.Наум на Охридското езеро )
( Ognen, Maja, Iskra i Slavica Spiroski, on sources St. Naum at Ohrid Like )



( Огнен Спироски, на бреговите на Охридското езеро )
( Ognen Spiroski-Lake Ohrid )



(Скопје, 11 Април, хотел Александар Палас,Од свадбата на Огнен и Маја Спироски )
(Skopje, 11 April, hotel Aleksandar Palas, at wedding on Ognen and Maja Spiroski )



( Огнен и Маја Спироски )
(Ognen i Maja Spiroski )




(Скопје, Септември 2009, г-дин David Murray-Rust од Единбур,Шкотска на Семеен ручек во мојот дом )
(Skopje, September 2009, sir David Murray-Rust from Edinburgh, Scotland, Family lunch in my home )



( фото:Митко Спироски, Мичурин, 18 Октомври 2009, Луна, Огнен и Маја, прв пат на гости кај баба Славица и дедо Митко )
( photo:Mitko Spiroski,Micurin, 18 October, 2009,Luna, Ognen and Maja first time to grandmother Slavica and grandfather Mitko)